Врз основа на член 13 став (1) од Законот за утврдување на цени на водните услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.7/16) и член 7 став (1) од Правилникот за начинот и постапката за утврдување на тарифа за водна услуга и на регулаторна тарифа за водна услуга („Службен весник на Република Македонија“ бр.63/17), а постапувајќи по Барањето за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување со предлог тарифа за регулиран период 2021 - 2023 година, на ЈКП КОМУНАЛЕЦ Неготино бр.03-207/1 од 15 мај 2020 година, заведено во архивата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија под УП1 бр. УП1 бр.08-57/20 од 19 мај 2020 година, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија на седницата одржана на 11 јуни 2020 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈКП КОМУНАЛЕЦ Неготино за регулиран период 2021-2023 година**

1. На ЈКП КОМУНАЛЕЦ Неготино се утврдува просечна тарифа за водната услуга снабдување со вода за пиење или водоснабдување и тоа:
   - за 2021 година во износ од 25,50 ден/m³;
   - за 2022 година во износ од 25,67 ден/m³;
   - за 2023 година во износ од 25,89 ден/m³.

2. Се утврдува опсег на висината на тарифата:
   - минималниот и максималниот опсег за 2021 година изнесува 1,73%;
   - минималниот и максималниот опсег за 2022 година изнесува 1,51%;
   - минималниот и максималниот опсег за 2023 година изнесува 1,45%.

3. Се утврдува минималната и максималната просечна тарифа согласно минималниот и максималниот опсег од точка 2 на ова решение:
   - за 2021 година:
     - минимална просечна тарифа 25,06 ден/m³;
     - максимална просечна тарифа 25,94 ден/m³;
   - за 2022 година:
     - минимална просечна тарифа 25,28 ден/m³;
     - максимална просечна тарифа 26,06 ден/m³;
   - за 2023 година:
     - минимална просечна тарифа 25,52 ден/m³;
     - максимална просечна тарифа 26,27 ден/m³.

4. Се задолжува давателот на водната услуга од точка 1 на ова решение да ги исполни условите од Планот за прилагодување на тарифи за водни услуги согласно кои се пресметува минималниот и максималниот опсег на висината на тарифата за водната услуга.

5. Утврдената тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување важи за регулиран период 2021-2023 година.
6. Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија, а ќе се применува од 1 јануари 2021 година.

**О б р а з л о ж е н и е**

ЈКП КОМУНАЛЕЦ Неготино, согласно Правилникот за начинот и постапката за утврдување на тарифа за водна услуга и на регулаторна тарифа за водна услуга (во понатамошниот текст: Правилник), Методологијата за определување на тарифите за водна услуга (во понатамошниот текст: Методологија) и Упатството за подготовка на барањето за утврдување на тарифа за водна услуга поднесоците и критериумите за оцена, до Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги) поднесе Барање за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување за регулиран период 2021-2023 година, бр.03-207/1 од 15 мај 2020 година, заведено во архивата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија под УП1 бр.08-57/20 од 19 мај 2020 година (во натамошниот текст: Барање).

Кон Барањето, а во согласност со Методологијата, ЈКП КОМУНАЛЕЦ Неготино ја достави следната документација:

1. Прилог 1 - пополнет образец БТВУ;
2. Пропратно писмо со образложение;
3. Прилог 2 - изјава за веродостојност на барањето и податоците;
4. Прилог 3 - План за прилагодување на тарифите за водни услуги со предлог тарифи за водни услуги;
5. Податоци и извештаи од Бизнис план кои се задолжителни за утврдување на тарифите за водните услуги;
6. Прилог 4 - пополнета листа на главни индикатори за успешност и цели;
7. Решение за упис во Централен регистар на Република Северна Македонија со сите промени и Статут на давателот на водни услуги;
8. Финансиски извештаи и бруто биланси за три претходни години, со сите прилози во согласност со важечката законска регулатива во Република Северна Македонија.

**Доставени податоци**

ЈКП КОМУНАЛЕЦ Неготино во Барањето ги има презентирано следните податоци:

- Податоци за базната 2019 година:

| **Опис** | **2019** |
|---|---|
| Трошоци за материјали, енергија, резервни делови и ситен инвентар | 4.250.248 |
| Трошоци за тековно одржување, ремонт и услуги за одржување на основните средства | 3.261.733 |
| Трошоци за осигурување на основни средства | 32.255 |
| Бруто плати | 10.509.525 |

| | |
|---|---|
| Други услуги | 662.781 |
| Останати и вонредни трошоци | 2.004.611 |
| Даноци, придонеси и други давачки кои не зависат од резултатот | 45.659 |
| **Вкупно оперативни трошоци** | **20.766.810** |
| **Остварена просечна пондерирана тарифа** | **24,54** |

- Податоци за регулираниот период :

| | **Ед.мерка** | **2021** | **2022** | **2023** |
|---|---|---|---|---|
| Оперативни трошоци | денари | 21.605.789 | 22.037.904 | 22.478.662 |
| Амортизација | денари | 2.069.674 | 1.970.315 | 1.945.925 |
| Средства за ликвидност | денари | 122.222 | 123.394 | 125.009 |
| Ново набавени средства и пуштени во употреба во текот на годината | денари | 0 | 700.000 | 0 |
| Принос на регулирани средства | денари | 768.962 | 670.673 | 577.244 |
| Останати приходи остварени при вршење на водната улога | денари | 0 | 0 | 0 |
| **РЕГУЛИРАН ПРИХОД (MAR)** | денари | 24.566.647 | 24.802.287 | 25.126.840 |
| **Количина** | $m^3$ | 922.142 | 921.633 | 921.007 |
| **Просечна тарифа** | ден/$m^3$ | 26,11 | 26,44 | 26,82 |
| **Минимална просечна тарифа** | ден/$m^3$ | 25,59 | 25,96 | 26,36 |
| **Максимална просечна тарифа** | ден/$m^3$ | 26,64 | 26,91 | 27,28 |

Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на 21 мај 2020 година го објави Барањето на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на 21 мај 2020 година во дневните весници „Вечер“ и „Коха“.

По објавеното Барање, во рокот утврден во Известувањето до Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги не беа доставени забелешки, мислења и предлози од заинтересираните правни и физички лица.

Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на 1 јуни 2020 година на својата веб страница го објави Предлог Решението за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈКП КОМУНАЛЕЦ Неготино, за регулиран период 2021-2023 година и ги повика сите заинтересирани страни да достават свои сугестии, забелешки и предлози.

По објавеното Предлог Решение, до Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги не беа доставени забелешки, мислења и предлози од заинтересираните правни и физички лица.

Согласно член 5 од Деловникот за работа бр.01-898 од 30 март 2020 година а имајќи ја во предвид прогласената вонредна состојба во Република Северна Македонија, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на 11 јуни 2020 година, одржа седница без подготвителна седница.

**Анализа од Регулаторната комисија за енергетика**

При анализа на доставените податоци во Барањето за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување за регулиран период 2021-2023 година, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги го утврди следното:

| | Ед.мерка | 2021 | 2022 | 2023 |
|---|---|---|---|---|
| Оперативни трошоци | денари | 21.117.494 | 21.408.002 | 21.702.875 |
| Амортизација | денари | 2.069.674 | 1.970.315 | 1.945.925 |
| Средства за ликвидност | денари | 119.010 | 119.475 | 120.360 |
| Новонабавени средства и пуштени во употреба во текот на годината | денари | | 700.000 | |
| Принос на регулирани основни средства | денари | 614.886 | 516.597 | 423.168 |
| Останати приходи остварени при вршење на водната улога | денари | 0 | 0 | 0 |
| **РЕГУЛИРАН ПРИХОД (MAR)** | денари | 23.921.065 | 24.014.389 | 24.192.328 |
| **Количина** | $m^3$ | 922.142 | 921.633 | 921.007 |
| **Просечна тарифа** | ден/$m^3$ | 25,50 | 25,67 | 25,89 |
| **Минимална просечна тарифа** | ден/$m^3$ | 25,06 | 25,28 | 25,52 |
| **Максимална просечна тарифа** | ден/$m^3$ | 25,94 | 26,06 | 26,27 |

По извршената анализа на реализираните оперативни трошоци од првиот регулиран период и податоците од бизнис планот, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги за регулираниот период 2021 – 2023 година ги утврди следните оперативни трошоци:

1. Трошоците за материјали, енергија, резервни делови и ситен инвентар за 2021 година изнесуваат 4.241.913 денари и се определени врз основа на остварените трошоци во 2019 година, зголемени за стапката на инфлација, додека пак за останатите две години од регулираниот период се пресметани така што утврдените трошоци за 2021 година се зголемени за предвидената стапка на инфлација и истите изнесуваат 4.305.542 денари за 2022 година и 4.370.125 денари за 2023 година;
2. Трошоците за тековно одржување, ремонт и услуги за одржување на основните средства се прифатени согласно Барањето и истите изнесуваат 3.393.506 денари за 2021 година, додека пак за останатите две години од регулираниот период се пресметани така што утврдените трошоци за 2021 година се зголемени за предвидената стапка на инфлација и истите изнесуваат 3.444.409 денари за 2022 година и 3.496.075 денари за 2023 година;
3. Трошоците за осигурување се прифатени согласно Барањето и истите изнесуваат 33.558 денари за 2021 година, 34.229 денари за 2022 година и 34.913 денари за 2023 година.
4. Трошоците за бруто плати за 2021 година се прифатени согласно Барањето и истите изнесуваат 10.934.109 денари, додека пак за останатите две години од регулираниот период се пресметани така што утврдените трошоци за 2021 година се зголемени за предвидената стапка на инфлација и истите изнесуваат 11.098.121 денари за 2022 година и 11.264.593 денари за 2023 година;
5. Менаџерските плати и награди се вклучени во износот на бруто платите;
6. Другите услуги се прифатени согласно Барањето и истите изнесуваат 689.557 денари за 2021 година, додека пак за останатите две години од регулираниот период се пресметани така што утврдените трошоци за 2021 година се зголемени за предвидената стапка на инфлација и истите изнесуваат 699.901 денари за 2022 година и 710.399 денари за 2023 година;
7. Останатите и вонредните трошоци се определени врз основа на остварените останати и вонредни трошоци во 2019 година притоа земајќи ја во предвид прераспределбата на

трошоците врз основа на клучот за распределба во ниво од 45% од вкупните останати и вонредни трошоци и истите се во износ од 1.777.347 денари за 2021 година. Истиот износ се определува поединечно и за наредните години од регулираниот период.

8. Даноците, придонесите и другите давачки кои не зависат од резултатот се прифатени согласно барањето и истите изнесуваат 47.503 денари за 2021 година, 48.453 денари за 2022 година и 49.422 денари за 2023 година.

Амортизацијата на сопствените основни средства со кои се врши водната услуга изнесува 1.989.105 денари за 2021 година, 1.890.722 денари за 2022 година и 1.797.259 денари за 2023 година.

Амортизацијата на бесплатно добиените средства со кои се врши водната услуга изнесува 80.569 денари за 2021 година, 79.593 денари за 2022 година и 148.666 денари за 2023 година.

Средствата за ликвидност се пресметани на ниво од 0,50% од регулираниот приход на начин утврден согласно Методологијата и истите изнесуваат 119.010 денари за 2021 година, 119.475 денари за 2022 година и 120.360 денари за 2023 година.

Приносот на регулираните основи средства за водната услуга снабдување со вода за пиење или водоснабдување за 2021 година 614.886 денари, за 2022 година 516.597 денари и за 2023 година 423.168 денари. Во вредноста на основните средства во 2022 година се вклучени новонабавени основни средства во износ од 700.000 денари.

Согласно горенаведеното, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги утврди просечната тарифа за водната услуга снабдување со вода за пиење или водоснабдување да изнесува 25,50 ден/$m^3$ за 2021 година, 25,67 ден/$m^3$ за 2022 година и 25,89 ден/$m^3$ за 2023 година.

При утврдување на просечната тарифа за водната услуга снабдување со вода за пиење или водоснабдување, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги имаше во предвид цената на водната услуга да не го надминува прагот на достапност, одреден на ниво од 3% од просекот на вкупниот приход по домаќинство во подрачјето во кое се обезбедува водната услуга. Цената на водната услуга ги вклучува тарифата за водната услуга, надоместоците поврзани со користење на водите и даноците утврдени со закон. Исто така во процесот на донесување на Одлуката за утврдување на тарифата за водната услуга снабдување со вода за пиење или водоснабдување ЈКП КОМУНАЛЕЦ Неготино треба да ги има во предвид ефектите од измена на постојната тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување во крајната цена на водната услуга која се фактурира до крајните корисници во подрачјето на Општина Неготино.

Минималниот и максималниот дозволен опсег од утврдената вредност на просечната тарифа, кој ЈКП КОМУНАЛЕЦ Неготино ќе го примени при донесување на Одлуката за утврдување на тарифата за водната услуга снабдување со вода за пиење или водоснабдување изнесува 1,73 % за 2021 година, 1,51 % за 2022 година и 1,45 % за 2023 година.

ЈКП КОМУНАЛЕЦ Неготино при донесување на Одлуката за утврдување на тарифата за водната услуга снабдување со вода за пиење или водоснабдување треба да има во предвид дека минималната просечна дозволена тарифа ги покрива оперативните трошоци на давателот на водната услуга и амортизацијата на сопствените основни средства, додека пак максималната просечна дозволена тарифа ги покрива оперативните трошоци на давателот на водната услуга, амортизацијата на сопствените основни средства и амортизацијата на бесплатно добиените средства, средствата за ликвидност, како и приносот на регулираните основни средства.

Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги го задолжува ЈКП КОМУНАЛЕЦ Неготино да води одвоена сметководствена евиденција за секоја водна услуга одделно и за секоја друга дејност која ја врши, а која не се смета за водна услуга, за времетраење на целиот регулиран период.

Решението на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги е конечно во управна постапка.

Имајќи го во предвид горенаведеното, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА**: Против ова Решение, незадоволната страна има право да поднесе тужба пред Управен суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението, согласно член 13 став (15) од Законот за утврдување на цени на водните услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.7/16).

**УП1 бр.08-57/20**
**11 јуни 2020 година**
**Скопје**

**Претседател на Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија**

**Марко Бислимоски**